# З А П И С Н И К

## Од Педесет и третата седница на Програмскиот совет на МРТ одржана на 14.07.2026 година, во 10:00 часот, сала за состаноци во МРТ

**Присутни членови на Педесет и третата седница на Програмски совет на МРТ:** ***Давор Пашоски, Бурим Рамадани, Беким Лачи, Марјан Велевски, Томислав Кежаровски, Музбајдин Ќамиљи, Владимир Палашевски, Билјана Бабиќ, Патриот Лумани, Лазо Трпков и Маја Седрак.***

**Онлајн присутни на седницата:** ***Ивана Ефремовски и Миле Гроздоноски.***

**Други присутни на седницата:** ***Директор на МРТ Зоран Ристоски.***

Педесет и третата седница на Програмскиот совет започна во 10:05 часот, со утврдување присуство на сите членови, односно обезбеден кворум за работа од страна на Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски.

Претседателот на програмскиот совет, Давор Пашоски го прочита Дневниот ред за Педесет и третата седница, како што следува подолу:

**Дневен ред:**

1. **Разгледување на приговор Наташа Андрееска**
2. **Разгледување на приговор Анета Андонова**

Претседателот го стави Дневниот ред на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 1. Разгледување на приговор Наташа Андрееска**

Претседателот Давор Пашоски ја отвори првата точка од Дневниот ред и истакна дека се разгледува приговорот поднесен од Наташа Андрееска против одлуката за нејзино разрешување од функцијата одговорен уредник на Прввиот програмски сервис на Македонското радио, како и во однос на нејзиното понатамошно распоредување.

Од содржината на приговорот произлегува дека подносителката ја оспорува законитоста на постапката за разрешување, сметајќи дека не постоело доволно образложение за донесената одлука и дека со понатамошното распоредување се повредени нејзините права од работниот однос. Истовремено, имајќи предвид дека се наоѓа непосредно пред исполнување на условите за пензионирање, бара да биде распоредена на соодветно работно место.

По разгледување на целокупната документација и релевантната правна рамка, произлегува дека во конкретниот случај не постои основ да се доведе во прашање законитоста на постапката за разрешување.

Имено, функцијата одговорен уредник не претставува работно место кое се пополнува по општите правила за вработување или унапредување, туку посебна раководна и уредничка функција која се уредува со посебниот Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Согласно член 132 став (1) од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, директорот на МРТ ги именува и разрешува одговорните уредници на програмските сервиси, по претходно добиено мислење од уредништвата и добиена согласност од Програмскиот совет. Истовремено, истиот член утврдува дека директорот одлучува и за распоредувањето на вработените во МРТ.

Воедно, член 124 став (2) од Законот утврдува дека Програмскиот совет дава согласност за именувањето и разрешувањето на одговорните уредници, пред директорот да ја донесе конечната одлука.

Истите законски решенија се преземени и во Статутот на МРТ, односно во членовите 43 и 67, со што распределбата на надлежностите помеѓу директорот и Програмскиот совет е целосно усогласена и во највисокиот општ акт на МРТ.

Понатаму, Правилникот за вработување, унапредување и распоредување детално ја разработува постапката пропишана со Законот. Во член 2 став (4) изречно е утврдено дека именувањето и разрешувањето на одговорните уредници, по исклучок од редовната постапка за унапредување, го врши директорот во согласност со закон. Дополнително, член 6 од Правилникот детално ја пропишува постапката, односно обврската најнапред да се обезбеди мислење од Уредничкиот колегиум, а потоа директорот да достави предлог до Програмскиот совет заради добивање согласност.

Оттука, неспорно произлегува дека и именувањето и разрешувањето на одговорните уредници претставуваат единствена законска постапка утврдена со Законот, Статутот и Правилникот. Лицето кое е именувано согласно оваа постапка, согласно истата правна рамка може да биде и разрешено, доколку се исполнети законски пропишаните процедурални услови.

Воедно, потребно е да се има предвид дека функцијата одговорен уредник не претставува трајно стекнато право, ниту функција која се врши до исполнување на условите за пензионирање. Станува збор за раководна и уредничка функција за која Законот изречно ја утврдува надлежноста на директорот да именува и разрешува, по претходно спроведена

законска постапка и добиена согласност од Програмскиот совет. Самото разрешување од функцијата, доколку е спроведено во согласност со Законот, Статутот и Правилникот, не претставува повреда на правата од работниот однос на вработениот.

Во конкретниот случај, од увидот во целокупната документација неспорно произлегува дека секој поединечен чекор од законски пропишаната постапка е целосно испочитуван. Најнапред е обезбедено позитивно мислење од Уредничкиот колегиум, потоа директорот доставил барање за согласност до Програмскиот совет, а Советот, по разгледување на доставената документација, донел одлука со која дал согласност за разрешувањето.

Со тоа се исполнети сите предуслови пропишани со Законот, Статутот и Правилникот, поради што не постои правен основ да се доведе во прашање законитоста на спроведената постапка.

Воедно, потребно е јасно да се разграничи прашањето на разрешувањето од функцијата одговорен уредник од прашањето на понатамошното распоредување на вработената.

Во конкретниот случај предмет на одлучување не е престанок на работниот однос, ниту дисциплинска постапка, туку разрешување од раководна уредничка функција која се уредува со посебен закон. Од друга страна, прашањето за понатамошното распоредување претставува посебно прашање кое, согласно Законот и Статутот, е во надлежност на директорот на МРТ.

Во однос на наводите во приговорот кои се однесуваат на наводен упад во програмската шема, промени во програмската содржина и постапувањето на новоименуваниот вршител на должноста одговорен уредник, произлегува дека тие не се од непосредно значење за оценување на законитоста на постапката за разрешување, бидејќи претставуваат прашања од оперативното функционирање и уредувањето на програмата, кои не се предмет на одлучување по овој приговор.

Меѓутоа, имајќи ги предвид долгогодишното професионално и уредничко искуство на Наташа Андрееска, нејзиниот придонес во работата на Македонското радио, фактот дека голем дел од својата професионална кариера го поминала во Првиот програмски сервис на МРА, како и околноста дека се наоѓа непосредно пред пензионирање, овие околности заслужуваат да бидат земени предвид при определувањето на нејзиното понатамошно работно ангажирање.

Поради тоа, без да се доведува во прашање законитоста на разрешувањето, Претседателот Пашоски истакна дека е оправдано Програмскиот совет да му препорача на директорот, во рамките на неговите законски надлежности и согласно важечката систематизација на

работните места, повторно да го разгледа прашањето за нејзиното понатамошно распоредување, имајќи ги предвид нејзиното професионално искуство, досегашниот придонес во Македонското радио и околноста дека се наоѓа непосредно пред пензионирање, како и можноста да биде распоредена на работно место уредник на редакција во соодветен програмски сервис.

Билјана Бабиќ зема збор и рече дека приговорот на Наташа Андрееска во најголем дел содржи лични ставови, оценки и несогласување со одлуката за давање согласност за разрешување, но нема нови факти или докази кои би упатувале на незаконитост или неправилност во постапката што ја спровел Програмскиот совет. Претежно се однесува на прашања од работниот однос на Андрееска и на несогласување со кадровската политика на новото раководство на МРТ. Воедно таа истакна дека советот неодлучува за работно правниот статус на вработените и дека советот дал согласност по предлогот на директорот во постапката предвидена со Законот и Статутот. Статутот предвидува позитивно мислење од Уредничкиот колегиум за разрешувањето и именувањето на нов одговорен уредник и истото било доставено до Програмскиот совет. Дополнително според Бабиќ прашањата поврзани со распоредување на работно место, измена на договорот за вработување, плата и евентуална повреда на работнички права не се во надлежност на Програмскиот совет, односно има надлежни органи за тоа. Затоа според неа не постои основ за нејзино преиспитување и го поддржа ставот на претседателот советот да даде препорака да биде поставена на уредничка позиција наместо новинар 1.

Понатаму, Маја Седрак зема збор и истакна дека се согласува со дискусијата на Билјана Бабиќ, нагласувајќи дека долгогодишниот придонес на Наташа Андрееска во Првиот програмски сервис на Македонското радио заслужува почит, особено имајќи предвид дека до исполнување на условите за пензионирање ѝ преостануваат уште неколку месеци. Воедно, таа истакна дека ја поддржува определбата на директорот на МРТ, во рамките на неговите законски и статутарни надлежности, да формира нов уреднички тим што ќе придонесе за унапредување на работата на МРТ и за реализација на програмските и организациските определби во рамките на неговите надлежности. Притоа, го поддржа и предлогот на претседателот Наташа Андрееска да биде именувана на работното место уредник на редакција, како соодветно решение со кое ќе се вреднуваат нејзиното долгогодишно професионално искуство и придонес.

По исцрпувањето на расправата, претседателот Давор Пашоски истакна дека од изнесените наводи и од увидот во релевантната документација произлегува дека постапката за разрешување на Наташа Андрееска од функцијата Одговорен уредник на Првиот програмски сервис на Македонското радио е спроведена согласно Законот за аудио и аудиовизуелни

медиумски услуги, Статутот на МРТ и важечките акти на МРТ, поради што не постои основ за преиспитување на законитоста на дадената согласност од страна на Програмскиот совет.

Истовремено, имајќи предвид дека Наташа Андрееска во текот на извршувањето на функцијата стекнала значително уредничко работно искуство, како и нејзиниот долгогодишен професионален придонес во Македонското радио, претседателот оцени дека нејзиното понатамошно распоредување не треба да биде ограничено единствено на работното место новинар 1, туку дека, доколку постојат можност, потреба и обезбедени финансиски средства, треба да се предвиди и можност за распоредување на работно место уредник на редакција. Притоа беше истакнато дека новинар 1 претставува највисоко новинарско звање од кое вработените можат да бидат именувани за уредници и на кое, по престанокот на потребата од извршување уреднички работи треба да бидат распоредени.

Врз основа на наведеното, претседателот предложи Програмскиот совет да донесе Одлука со која приговорот на Наташа Андрееска делумно ќе се уважи, така што точката 3 од Одлуката на директорот бр. 02-3879/1 од 03.07.2026 година ќе се измени и ќе гласи дека работникот се распоредува на работно место уредник на редакција / новинар, за кое ги исполнува условите, додека во останатиот дел Одлуката на директорот ќе се потврди.

Претседателот Давор Пашоски ја стави Предлог-Одлуката на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 2. Разгледување на приговор Анета Андонова**

Претседателот Давор Пашоски ја отвори втората точка од Дневниот ред и истакна дека се разгледува приговорот поднесен од Анета Андонова против одлуката за нејзино разрешување од функцијата одговорен уредник на Собранискиот сервис на Македонската телевизија, како и во однос на нејзиното понатамошно распоредување.

Од содржината на приговорот произлегува дека подносителката ја оспорува законитоста на постапката за разрешување, сметајќи дека одлуката не содржи доволно образложение, дека не постоеле причини за разрешување и дека со понатамошното распоредување се повредени нејзините права од работниот однос. Во приговорот се наведуваат и околности поврзани со нејзиното долгогодишно професионално искуство, досегашните резултати во работењето и функционирањето на Собранискиот сервис.

По разгледување на целокупната документација и релевантната правна рамка, произлегува дека во конкретниот случај не постои основ да се доведе во прашање законитоста на постапката за разрешување.

Имено, функцијата одговорен уредник не претставува работно место кое се пополнува по општите правила за вработување или унапредување, туку посебна раководна и уредничка функција која се уредува со посебниот Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Согласно член 132 став (1) од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, директорот на МРТ ги именува и разрешува одговорните уредници на програмските сервиси, по претходно добиено мислење од уредништвата и добиена согласност од Програмскиот совет. Истовремено, истиот член утврдува дека директорот одлучува и за распоредувањето на вработените во МРТ.

Воедно, член 124 став (2) од Законот утврдува дека Програмскиот совет дава согласност за именувањето и разрешувањето на одговорните уредници, пред директорот да ја донесе конечната одлука.

Истите законски решенија се преземени и во Статутот на МРТ, односно во членовите 43 и 67, со што распределбата на надлежностите помеѓу директорот и Програмскиот совет е целосно усогласена и во највисокиот општ акт на МРТ.

Понатаму, Правилникот за вработување, унапредување и распоредување детално ја разработува постапката пропишана со Законот. Во член 2 став (4) изречно е утврдено дека именувањето и разрешувањето на одговорните уредници, по исклучок од редовната постапка за унапредување, го врши директорот во согласност со закон. Дополнително, член 6 од Правилникот детално ја пропишува постапката, односно обврската најнапред да се обезбеди мислење од Уредничкиот колегиум, а потоа директорот да достави предлог до Програмскиот совет заради добивање согласност.

Оттука, неспорно произлегува дека и именувањето и разрешувањето на одговорните уредници претставуваат единствена законска постапка утврдена со Законот, Статутот и Правилникот. Лицето кое е именувано согласно оваа постапка, согласно истата правна рамка може да биде и разрешено, доколку се исполнети законски пропишаните процедурални услови.

Воедно, потребно е да се има предвид дека функцијата одговорен уредник не претставува трајно стекнато право, ниту функција со гарантиран мандат до исполнување на условите за пензионирање. Станува збор за раководна и уредничка функција за која Законот изречно му ја доверува надлежноста на директорот да именува и разрешува, по претходно спроведена законска постапка и добиена согласност од Програмскиот совет.

Во конкретниот случај, од увидот во целокупната документација неспорно произлегува дека секој поединечен чекор од законски пропишаната постапка е целосно испочитуван. Најнапред е обезбедено позитивно мислење од Уредничкиот колегиум, потоа директорот доставил барање за согласност до Програмскиот совет, Советот дал согласност за разрешувањето, по што директорот ја донел конечната одлука за разрешување и именување на вршител на должност.

Со тоа се исполнети сите предуслови пропишани со Законот, Статутот и Правилникот, поради што не постои правен основ да се доведе во прашање законитоста на спроведената постапка.

Во приговорот се изнесени бројни наводи во врска со професионалните резултати, успешноста во работењето, добиените признанија и досегашното извршување на функцијата. Иако тие претставуваат значајни околности од професионален аспект, тие сами по себе не можат да влијаат врз оценката на законитоста на постапката за разрешување, бидејќи предмет на одлучување во оваа постапка е дали се исполнети законските и процедуралните услови за разрешување, а не оценувањето на професионалните резултати на одговорниот уредник.

Воедно, потребно е јасно да се разграничи прашањето на разрешувањето од функцијата одговорен уредник од прашањето на понатамошното распоредување на вработената.

Во конкретниот случај предмет на одлучување не е престанок на работниот однос, ниту дисциплинска постапка, туку разрешување од раководна уредничка функција која се уредува со посебен закон. Од друга страна, прашањето за понатамошното распоредување претставува посебно прашање кое, согласно Законот и Статутот, е во надлежност на директорот на МРТ.

Меѓутоа, имајќи ги предвид долгогодишното професионално и уредничко искуство на Анета Андонова, нејзиниот придонес во работата на Македонската телевизија и нејзиното долгогодишно извршување на уреднички функции, овие околности заслужуваат да бидат земени предвид при определувањето на нејзиното понатамошно работно ангажирање.

Поради тоа, без да се доведува во прашање законитоста на разрешувањето, Претседателот Пашоски истакна дека е оправдано Програмскиот совет да му препорача на директорот, во рамките на неговите законски надлежности и согласно важечката систематизација на работните места, повторно да го разгледа прашањето за нејзиното понатамошно распоредување, имајќи ги предвид нејзиното професионално искуство, досегашниот придонес во Македонската телевизија и можноста таа да биде распоредена на работно место уредник на редакција во соодветен програмски сервис.

Билјана Бабиќ зема збор и рече дека иако приговорот укажува на наводни повреди на законите што го регулираат работниот однос на подносителот, најголемиот дел од наводите се однесуваат на законитоста на решението за распоредување и на евентуална повреда на права од работен однос. Повторно, како и во приговорот на Наташа Андрееска, овие прашања не се во надлежност на Програмскиот совет. Односно Советот одлучува исклучиво по барањето на директорот за давање согласност за разрешување на одговорен уредник. Советот воопшто нема законска обврска да прави сопствена кадровска анализа. Според Законот, директорот предлага, Советот дава или не дава согласност. Тоа не значи дека треба повторно да оценува дали лицето е добар уредник. Советот оценува дали се исполнети законските услови.
Позитивните резултати се за пофалба, но тие не значат дека директорот не може да предложи нов уредник, особено кога има ново раководство. Тоа е менаџерско право и разрешувањето не значи санкција. При што Бабиќ додаден дека нема основи за поништување или измена на одлуката на Програмскиот совет.

Понатаму збор зема Томислав Кежаровски и истакна дека денешните точки од Дневниот ред се едни од најтешките за него, со оглед на фактот што и самиот тој до скоро бил новинар и знае колку достоинството и интегритетот се важни за оваа професија, согласно тоа е тешко да одлучува.

Беким Лачи зема збор и рече дека тој и претходно истакнал дека конкретно со Анета Андонова имал добра соработка и дека се работи за добар новинар. Воедно истакна дека таа има оставено белег во МРТ, како и тоа дека се работи за новинар кој има многу што да понуди, па со оглед на тоа треба да се мотивира, а не да се уназадува.

По завршувањето на дискусијата, претседателот Давор Пашоски ги сумираше изнесените ставови и истакна дека од целокупната документација произлегува дека во постапката за разрешување на Анета Андонова од функцијата Одговорен уредник на Собраниските сервис на Македонската телевизија биле исполнети законските и статутарните предуслови, односно било обезбедено мислење од уредништвото, добиена согласност од Програмскиот совет и потоа била донесена конечната одлука од директорот. Оттука, не постои основ да се доведе во прашање законитоста на разрешувањето, ниту да се поништи одлуката во тој дел.
Истовремено, имајќи ги предвид долгогодишното професионално и уредничко искуство на Анета Андонова и нејзиниот придонес во работата на Македонската телевизија, претседателот оцени дека нејзиното понатамошно распоредување не треба да биде ограничено единствено на работното место новинар 1. Тој посочи дека, доколку постојат можност, потреба и обезбедени финансиски средства, оправдано е да се предвиди и можност таа да биде распоредена на работно место уредник на редакција, имајќи предвид

дека во текот на извршувањето на функцијата стекнала соодветно уредничко работно искуство.

Врз основа на наведеното, претседателот предложи Програмскиот совет да донесе Одлука со која приговорот на Анета Андонова делумно ќе се уважи, така што точката 3 од Одлуката на директорот на ЈРП МРТ бр. 02-3639/1 од 23.06.2026 година ќе се измени и ќе гласи дека работникот се распоредува на работно место уредник на редакција / новинар, за кое ги исполнува условите, додека во останатите точки Одлуката на директорот ќе се потврди.

Претседателот Давор Пашоски ја стави Предлог-Одлуката на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

По исцрпувањето на дневниот ред, Претседателот на Програмскиот совет на МРТ констатираше дека 53-та седница на Програмскиот совет на МРТ е завршена. Претседателот се заблагодари за присуството со што ја затвори Педесет и третата седница на Програмскиот совет на МРТ во 10:45 часот.

Записникот го водеше:

Емилија Камчева Стојановска

Претседател на Програмски Совет на МРТ

02-4090/4
14.07.2026г.

_______________________

Давор Пашоски